ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 78 – 1/2014
Загреб, 12. 07. 2014.

# З А П И С Н И К

од **7. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **12.07.2014 година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Благој Штерјов – потпретседател на ЗМРХ, Мирјана Мајиќ – Задар, Бранка Јањиќ – Осиек, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

**Гости на седницата:** Виолета Штерјова – член на НО на ЗМРХ.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, И. Христодулов. Во воведниот говор тој ги поздрави сите присутни и повторно се заблагодари за укажаната доверба за именувањето претседател на ЗМРХ. Истакна дека проблемите што се пред ЗМРХ не се ненадминливи и можат да се решат со заемна поддршка и соработка на сите членови на УО. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 6. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2014.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2014. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Усвојување на новиот предлог на Деловник за начинот и работата на УО на Заедницата;
5. Договор околу реализацијата на програмите во 2014 година и усвојување на донесените одлуки;
6. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 6. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Загреб, Задар, Риека и ЗМРХ (прилог). Друштвата од Осиек и Пула својот информатор го доставија на седницата, а Друштвото од Сплит не го достави својот информатор. Се поведе дискусија. Престедателот Христодулов посочи дека е неправеден несразмерот на средствата меѓу друштвата, бидејќи сите друштва се исти, сите работат за иста цел, колку можат и знаат, и дека тоа треба да се исправи за идната година, односно да се контактира со Советот во врска со тоа прашање. Исто така, нагласи дека средствата треба да се трошат наменски, економично и рационално, со оглед на општата криза и дополнителниот ребаланс што нè очекува на есен. Во дискусијата учествуваа сите членови на УО.

**Ад. 3.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2014. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2014. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Доставени се до ЗМРХ и готовите Извештаи на друштвата од Риека и Осиек, а останатите таа ги замоли да не доцнат со предавањето, односно да се придржуваат на дадениот рок. Претседателот Христодулов ги замоли членовите да размислат по кои сè ставки од извештаите може да се заштеди за да се намалат трошоците и на кои случувања е навистина потребно да биде присутен претседателот, а на кои не. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Во врска со етно секцијата на МКД од Осиек која годинава воопшто не доби финансиски средства, се рече дека Друштвото треба да поднесе барање до Советот како молба за одобрување средства за истата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2014. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2014. godine".

**Ад. 4.** Во врска со оваа точка, претседателот Христодулов ги извести присутните дека во јуни е излезен новиот Закон за здруженија на РХ кој стапува на снага на 1 октомври 2014 година и дека поради тоа мораат сите Статути како и Деловници, и на друштвата и на ЗМРХ, во законски рок од година дена да се изменат и усогласат со него. Затоа, не е примерено сега да се расправа за Деловникот за начинот и работата на УО на ЗМРХ пред донесувањето на новиот Статут. Предлогот на споменатиот Деловник ќе биде проследен до сите на разгледување. Највеќе се расправаше за промената, односно начинот на дефинирање на член 8., точка 2. од Деловникот. Во дискусијата учествуваа сите членови на УО. Оваа точка посебно ќе се дефинира со одлука на идната седница на УО.

**Ад. 5.** По оваа точка главно се расправаше за програмите „Илинден 1903-2014", „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2014." и за летниот камп во Охрид „Ја сакам Македонија" кој ќе се одржи од 10-17.08. во организација на МНР на РМ. Претседателот Христодулов за прославата на Илинден рече дека 90% од подготовките оперативно се завршени. Наемот на излетиштето „Голубињак" во Горки Котар каде ќе се организира прославата е 2.500,00 кн кои ќе бидат подмирени од донации. Сметката од 500,00 кн за клупи и столици исто така ќе биде подмирена од донации. За музиката контактирано е со „Балканика бенд" од Крањ, кои би свиреле за цена од 6.000,00 кн, без спиење, со нивни разглас. За гравот се предвидени 500 порции по цена од 20,00 кн за

ЗМРХ, а остатокот од 3,00 кн ќе оди од донации. Сите друштва во рок од три дена треба да јават колку нивни членови ќе присуствуваат на прославата, за да може да се одреди видот на превозот и бројот на порциите грав. Ќе се стапи во контакт и со Советот на МНМ за Град Загреб како можност за соработка. Во врска со кампот на Шолта, а бидејќи водителот на кампот Ангел Митревски не е присутен, претседателот рече дека ќе се слушне со него за деталите, а сите друштва се должни во рок од три дена да јават колку нивни деца ќе одат. Истото вреди и за кампот за Охрид, со тоа да друштвата за него треба да пријават едно или најмногу две деца, а исто така, треба меѓусебно да се договорат и да одберат водител. Оваа година трошоци за хонорари за водителите и наставниците на Шолта не се признаваат, а и трошоците за патот до и од Загреб на децата што ќе одат во Охрид се на терет родителите или на друштвата, по договор. За децата што ќе одат во Охрид согласноста од родителите треба да биде заверена на нотар. Во врска со дописот што пристигна од Туристичката заедница на Нова Градишка за соработка за настанот „Ин мемориам Тоше Проески“ и „Денот на ЗМРХ“, претседателот Христодулов рече дека ќе ги контактира.

**Ад. 6.** Под точката разно, Мирјана Мајиќ изрази незадоволство за самостално донесената одлука на претседателот Христодулов да стои и името на потпретседателот Митревски во импресумот на книгите „Македонски јазик“ и „Македонската литература и граматика“ кои деновиве треба да излезат од печат. Потоа ги информираше присутните за средбата во Задар со претставниците од Здружението на Македонците во Романија кои беа дојдени за изложбата и ѝ предаде на ЗМРХ дел од книгите, списанијата и ЦД-ата што тие и ги подариле. Петровска спомна како информација дека се очекува ЗМРХ да добие признание и од Радио Скопје за придонесот на ЗМРХ во емисијата „Гласот на татковината“. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- На 5. Годишна конференција на иселеничките организации во Скопје, на 23. и 24.07.2014. организирана од Агенцијата за иселеништво на РМ, ќе присуствува д-р Васил Тоциновски, универзитетски професор на Лекторатот по македонски јазик во Риека, без трошоци на терет на ЗМРХ; Воедно, проф. д-р Васил Тоциновски во името на ЗМРХ ќе го прими и Признанието за особени заслуги и достигнувања на физички и правни лица од иселеништвото за афирмација на Република Македонија во светот, во сите области на општествено делување, што се доделува од страна на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов.

На крајот, Бранка Јањиќ ги извести присутните дека поднела неотповиклива оставка на функцијата претседателка на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, поради тоа што на есен почнува со работа во Славонски Брод и поради несредените односи во самото Друштво (прилог). Вонредното Собрание на Друштвото се очекува да биде закажано на почетокот на септември.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **14.50** часот.

Записничар:
Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:
Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ